# Кривична пријава против стрелачко друштво од Прилеп, против управителот и ракувачот со оружје за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“

07/05/2026



ОВР Прилеп во координација и содејство со Одделот за криминалистичка полиција - Единица за недозволена трговија со оружје, опасни материи и радиоактивен материјал реализиран е случај на недозволена трговија со оружје сторено од стрелачки клуб од Прилеп.

Имено, на 06.05.2026 до Основното јавно обвинителство Прилеп поднесена е  кривична пријава против  управителот К.Ч.(43) од Прилеп, против ракувачот со оружје Т.Д.(73) од Прилеп и стрелачкиот клуб од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“ по член 396 од Кривичниот законик.

Во периодот од 26.01.2026 - 29.01.2026 бил извршен увид врз основа на наредба од јавен обвинител и било утврдено дека во стрелачкиот клуб се пронајдени пет малокалибарски пушки за кои не поседуваат соодветна дозвола. Исто така, било утврдено дека управителот заедно со ракувачот на оружје, како дел од управен одбор, вршеле продажба на огнено оружје кое го поседувал стрелачкиот клуб на лица кои не поседувале дозвола за поседување на огнено оружје. Поради тоа, во текот на 06.05.2026 ОВР Прилеп во координација и содејство со Одделот за криминалистичка полиција - Единица за недозволена трговија со оружје, опасни материи и радиоактивен материјал и Одделот за граѓански работи од стрелачкиот клуб се одземени околу 70 малокалибарски пушки и 10 малокалибарски пиштоли, како и поголема количина на пневматско оружје со цел поведување на управна постапка пред надлежен орган.







Претходно
Следно



ул. Димче Мирчев бр. 9,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
+389 (0)2 3 117 222
kontakt@moi.gov.mk



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
© 2026 Министерство за внатрешни работи. Сите права задржани.